Марина ТАШКОВСКА

# ЦИВИЛНА ОДБРАНА - ЦИВИЛНА ЗАШТИТА - ПОЈМОВНО КАТЕГОРИЈАЛНО ОПРЕДЕЛУВАЊЕ

За цивилната одбрана и цивилната заштита и за прашањето дали станува збор за исти поими, или не? Наслов кој ја наметнува потребата за построго или подетално разбирање на поимите цивилна одбрана и цивилна заштита. Зашто интенцијата на појмовно-категоријално поистоветување на поимите или категориите цивилна одбрана и цивилна заштита последично доведува до конфузија на системското лоцирање на соодветните групи мерки. Или, поедноставно, во напорите за дефинирање на цивилната одбрана, која ги проширува појдовните детерминанти што ја определуваат нејзината функционална инкорпорираност во современите одбранбено-заштитни системи, постои интенција на појмовно-категоријално и системско поистоветување со цивилната заштита-субсистем на системот цивилна одбрана. Во таа смисла, евидентна е потребата од анализа и појаснување на поимите цивилна одбрана и цивилна заштита и воочување на разликите меѓу нив.

Цивилната одбрана како поим денес е присутна во целиот свет. Во современи услови слични поими на поимот цивилна одбрана постојат и на Исток и на Запад и тоа независно од тоа дали се работи за неутрални земји, бивши социјалистички или, пак, за земјите што му припаѓаат на НАТО-пактот. На пример, во Англија се употребува терминот " civil defence", во Франција "protekstion", во Германија "zivilschutz", или "zivilverteidigung", во Русија, "гражданская одорода".

Во некои од овие држави, како на пример во САД, цивилната одбрана се третира како активност од стратегиско значење, насочена кон заштита и одбрана и од воени и од мирновременски катастрофи. Во Русија, таа е дел од воената политика на државата, односно компонента на одбраната од стратегиско значење, но истовремено претставува и "комплекс на мерки од економски и социјален карактер што се преземаат со цел да се заштити населението од последиците предизвикани од хаварии, катастрофи и слични несреќи". Во Франција, е дефинирана како "одбранбена политика на цивилното општество, насочена против воени дејствија, политика која на плански и однапред подготвен начин

ја координира несоработката и отпорот со непријателот, сè со цел да му се оневозможи остварување на своите цели, да воспостави и да им наметне на населението лојален политички режим".

Поимот цивилна одбрана може поблизу да се определи ако се објасни поимот одбрана, кој асоцира на активна одбрана, односно, како што се сфаќа одбраната до Втората светска војна. Овој поим, сфатен како воена одбрана, во наредните децении е значително проширен и го добива атрибутот "цивилна".

Во овој контекст, денес, под поимот цивилна одбрана се подразбира збир од мерки кои во кризни и одбранбени ситуации обезбедуваат егзистенција, ефикасност на воената одбрана и живот на граѓаните во државата. Таа обезбедува преживување на населението и функционирање на политичкиот систем и ја поддржува воената одбрана, ставајќи ѝ ги на располагање човечките и материјалните потенцијали, без што воената одбрана не може да се остварува.

Од аспект на темава што се обработува во овој труд особен интерес предизвикуваат повеќе дефиниции за цивилната одбрана, дадени од поголем број теоретичари, меѓу кои:

Генералот Туцапски (Tucapski) во делото "Цивилната одбрана на странските држави" вели: "Системот на одбраната денес во секое современо општество се потпира на два основни елементи: соодветно оспособени, школувани и опремени вооружени сили и на комплексни подготовки на целокупното население. Овој втор елемент добил назив "цивилна одбрана".

Понатаму, тој истакнува дека времето кога акциите од милитаристичка природа биле единствен облик на воените подготовки на државите за војна сега му припаѓа на минатото и дека" денес е исто така потребна соодветна подготовка на целокупното население и приспособување на стопанството, администрацијата и на сите преостанати функции на современото општество на условите што можат да се очекуваат во случај на евентуална војна.

Туцапски ја дефинира цивилната одбрана како "целокупност на превентивни и спасувачки подготовки што се извршуваат или организираат за заштита на населението и стопанските објекти од современите видови средства за напад и разурнување, како и заради отстранување на последиците од катастрофи, елементарни непогоди и дефекти.

Константи Сукљеник (Konstanti Sukjenjik) во делото "Цивилна одбрана" под поимот цивилна одбрана подразбира "севкупност на превентивни и спасувачки акции, чија цел е отстранување на последиците од воени разурнувања во реоните на воените операции и намалување на загубите кај цивилното население, што се јавуваат како последица на воздушните напади на територијата на завојуваните страни. Покрај тоа, цивилната одбрана е одговорна за организација и изведување на ефикасни акции за спасување за време на елементарни непогоди и катастрофи во време на мир.

Овој автор, понатаму наведува дека "цивилната одбрана претставува збир на напори на државната власт, централната и теренската администрација, институциите, постојните и доброволните комунални и општествени организации, акции на граѓаните кои во рамките на законските обврски доброволно учествуваат во реализацијата на прифатените програми и планови за развој на цивилната одбрана. Таа опфаќа многу акции, почнувајќи од индивидуалната заштита на секој граѓанин и неговиот имот, преку заштита на институциите и објектите, сè до обезбедувањето континуитет на државните власти. Исто така, го штити производството и создава услови за опстанок во критичниот воен период и обновување на животот по воените разурнувања".

Според Марјан Малешиќ поимот цивилна одбрана претставува дел од одбранбено-заштитните дејности на општеството, чија намена е со невојнички и ненасилни средста да ги заштити луѓето, општествените и личните вредности, материјалните и културните добра, чија функција гарантира континуитет на политичкиот, економскиот и културниот живот во општеството од природни и други несреќи, вонредна состојба и војна.

Во делото "Цивилна одбрана" - САД, Швајцарија, Велика Британија, СССР, Џон Вејл под поимот цивилна одбрана подразбира: "Во рамките на меѓународното право, цивилната одбрана се дефинира како нужно спроведување на неколку или на сите петнаесет хуманитарни мерки, чија цел е да се заштити цивилното население, да се овозможи таа да се закрепне од непосредното дејство на војната, непријателствата или на катастрофите и да му обезбеди неопходни услови за опстанок.

Цивилната одбрана според Божидар Јаворовиќ во делото "Сувремени сустави цивилне одбране", претставува "функционално - организациски субсистем на одбранбено - заштитниот систем што се занимава со одбрана, заштита и спасување на населението и материјалните добра, природни и технички катастрофи и од други големи несреќи и воени разурнувања, по пат на обезбедување услови за нормален живот и работа на погодените подрачја, со делување на цивилното население во невооружената борба и отпор кон агресорот и обезбедување услови за севкупна одбрана и заштита преку набљудување и известување, заднински активности на населението, системско-логистичка поддршка и сл.

Според тоа, во современите услови одбранбено-заштитниот систем, а во рамките на истиот и цивилната одбрана и покрај долгата историја на постоење и делување не губи значење, сеуште е актуелна и на нејзиното делување задолжително треба да се смета.

Тоа го потврдува и фактот дека од сите актуелни одбранбени концепции (концепција на "Државна одбрана", "Превентивна одбрана", "Детерантна одбрана", "Сеопфатна одбрана", "Народна одбрана и народна војна", "Тотална одбрана") на цивилната одбрана ѝ се придава големо значење. Цивилната одбрана, во речиси сите наведени одбранбени концепции се третира трислојно, односно како организам кој врши три

вида одбранбено-заштитни активности. Тие се: 1) "воочување и откривање на опасностите; 2) заштита, одбрана и спасување на населението и на материјалните добра од катастрофи и воени разурнувања и 3) учество на невооружени форми на борба и отпор".

Структурата на цивилната одбрана е детерминирана од природата и функциите на системот. Тоа упатува на елементите на системот врз основа на кои тој егзистира, како и на нивната внатрешна содржина и функционалност. Со оглед на специфичностите на организирањето на функцијата на цивилната одбрана, во која свое место, улога и значење имаат бројни субјекти, самата структура на цивилната одбрана ја чинат специфична и разгранета. Според тоа, врз нејзината структура влијаат повеќе фактори. Тие се: видот на државата, големината на државата, воено-политичката положба на земјата, видот, зачестеноста и интензитетот на елементарните непогоди и знаењата од областа на одбраната и заштитата.

Треба да се има предвид фактот дека максимално развиениот систем на цивилната одбрана во себе ги инкорпорира следниве потсистемски или системски содржајни активности: цивилна заштита, систем за набљудување и известување, стручни организации, систем за противградна одбрана, стручни организации, служби и претпријатија, производувачи на средства и опрема, доброволни стручни организации, масовни доброволни организации, воени сили на цивилната одбрана и едукативен систем.

Оттука, може да се констатира дека во рамките на цивилната одбрана, заради заштита и спасување на населението и материјалните добра од воените разурнувања и други опасности од воени дејствија, елементарни непогоди и други несреќи од војна и за отстранување на последиците од нив, се организира и подготвува цивилна заштита.

Значи, таа претставува сложена, масовна и организирана потсистемска активност за заштита, одбрана и спасување на населението и материјалните добра од елементарни непогоди, технички и други катастрофи и воени разурнувања со своја специфична структура.

Со анализата на приложените дефиниции за цивилна одбрана, можеме да заклучиме дека е таа дел од одбранбено-заштитниот систем (во функционален и организациски поглед) што се занимава со заштита, одбрана и спасување на населението и материјалните добра од природни и технички катастрофи и од други големи несреќи и воени разурнувања.

Конечно, можеме да направиме одредена компаративна разлика помеѓу поимите цивилна одбрана и цивилна заштита. Во таа насока, појмовно категоријално цивилната одбрана е поширока категорија од цивилната заштита или системски гледано цивилната заштита не може да биде ништо друго туку потсистем на системот на цивилната одбрана. И секој максимално развиен систем на цивилна одбрана, во себе мора да инкорпорира повеќе потсистеми или системски содржани активности, а еден од нив е и цивилната заштита.

ЛИТЕРАТУРА


1. Melon - Miler - Semlen: Neoruženi otpor, VINC, Beograd, 1989

2. Spravka - Организација и задачи Грандској одрони СССР

3. Вејл Џ. Лоренс: Цивилна одбрана - САД, Велика Британија, Швајцарија, СССР, Централна библиотека ЈНА, Београд, 1991

4. Vojinović M, Kujović O: Civilna zaštita, NIRO, Zagreb

5. Vukanovic Radovan: Nuklearna strategija super sila, August Cesarec Zagreb, 1985

6. Green Brain: The New Case For Civil Defense, 1984

7. Dumas, Marie-Lucu: Education civile et defense, Defense national, 1989

8. Симпозиум о цивилној заштити неутралних земаља Европе (Аустрије, Швајцарске, Шведске и Финске), одржан 1988 у Швајцарској, ССНО, Београд, 1989

9. Сукљеник К: Цивилна одбрана, ВИЗ, Београд, 1976

10. FOCD: The 1971 conception of the Swiss Civil Defence, Berne FOCD 1971

11. Loi Federal Sur le protection Civile", 1982

12. FOCD: Civil Defence Medical Service, Berne, FOCD, 1982

13. Civil Defence Belance per ist 1st Jannuary, 1984

14. Prof. d-r Božidar Javorović: Suvremeni sustavi civilne odbrane, Otvoreno sveučilište, Zagreb, 1992 godina.

15 Д-р Ратко Стојановић, "Заштита и спашавање људи и материјалних добара у ванредним ситуацијама, ВИЗ Београд, 1976 год.

Marina TAŠKOVSKA

## CIVIL DEFENCE - CIVIL PROTECTION

(Summary)

Civil defence, as a component of the defence of every country, covers an area of human activity which, with each new day, grows more important and expands the basic determinants of its functional incorporation in the modern defence and protection systems. Although it is primarily determined by war and by the suffering of civilians, the function of civil defence goes beyond the political implications and the state of war. Despite the fact hat the organization and the function of civil defence depends directly on the character and the form of the social and political system, its roots remain outside all political influence. The need to build civil defence on thoroughly verified scholarly foundations finds justification in the non-political character of numerous threats and dangers, which are the real reason for the need to have this kind of protective organism. This precludess the identification of the notion of civil defance with the notion of civil protection. In fact, the notion and the category of civil defance are broader than those of civil protection; in other words, civil protection can only be regarded as a sub-system of the civil defence system.